Еколошко друштво Планетум - Струмица

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА

ЕД Планетум
1/26/2016

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА

Во изминатата 2015 година ЕД.Планетум реализира низа активности кои се дел од проектите од областа на животната средина, урбано уредување и алтернативен туризам.

Проекти кои беа реализирани во изминатата 2015 година:

1. **Разумно користење на електрична енергија**- финансиски поддржан од ЕВН Македонија. Овој проект започна со реализација во 2007 година и трае континуирано се до денес. Во текот на 2015 година во рамките на проектот се реализираа 60 едукативни работилници за разумно користење на електричната енергија во 3 основни училишта во: Радовиш, Штип и с.Василево од страна на претходно формираните Зелени енергетски клубови во овие училишта. Исто така во секое училиште се организираа отворени денови на кои се презентираше работата на самите Зелени клубови. На крај децата од овие клубови учествуваа на национален квиз кој се одржа во Струга. Во реализацијата на овој проект покрај ЕД.Планетум учествуваа уште 4 НВО-и од Р.Македонија.
2. **Зелена граѓанска акција во Струмица**- финансиски подржан од Фондација Отворено Општество-Македонија а кофинансиран од Општина Струмица. Овој проект започна со реализација на 21. 01. 2015 година и ќе трае до 20. 07. 2016 година. Целта на проектот е преку мобилизирање на локални ресурси да се подобри зелената инфраструктура и инфраструктура за игра и релаксација во урбани и рурални средини во Општина Струмица. Откако беа мапирани локации во о.Струмица се пристапи кон организирање на неформални информативни средби со граѓаните со цел нивно информирање за проектните цели. Со доставување на 4 петиции од граѓани кои живеат во стамбени згради се потврди и заинтересираноста на граѓаните за уредување на нивната дворна површина. За уредување на површините се користеше отпаден материјал. Преку организирање на акции се собраа 144 палети и 186 гуми претежно од бизнис секторот. За оплеменување на зелената инфраструктура и инфраструктурата за игра и релаксација се организираа 12 креативни работилници во кои беа вклучени ученици од средните училишта во о.Струмица. Ученици од дрвопреработувачката насока при С.О.У. „Никола Карев“ од собрани палети изработија 4 сета од маса и две клупи(4 маси и 8 клупи). Ученици од С.О.У. Јане Сандански од искористени лимени канти и гуми изработија:44 мали саксии, 13 големи саксии и 20 декоративни гуми, додека пак ученици хорт и култура насока при С.О.У. „Димитар Влахов“ се вклучија во оплеменување на јавните површини. Потпомогнати од ЈПКД Комуналец и партнерската организација Младински Совет како и ученици од хорти културна насока при С.О.У. „Димитар Влахов“ се

озеленија и уредија 4 јавни површини во о.Струмица. во соработка со станарите од стамбените згради како и партнерската организација Организација на жени се приспособија и уредија 4 постоечки површини за игра и релаксација. За сите тековни акции на ЕД.Планетум постојано беа повикувани медиумите. Две локални телевизии континуирано вршеа мониторинг на уредените површини.

3. **Беласица без граници** – финансиски подржан од Германско министерство за животна средина. Ова е пограничен проект помеѓу НВО-и од Бугарија, Грција, Македнија и Германија кој започна со реализација во Март 2013 и заврши декември 2015година. Во изминатите години се реализираа Интернационални младински кампови во Бугарија и Грција. Од 04. 08. 2015 до 09. 08. 2015 година се организира 6 дневен камп на нашата територија во с.Смоларе кое се наоѓа на планината Беласица во близина на Струмица. На кампот учествуваа по 5 младинци од секоја вклучена земја и тоа од:Македонија, Бугарија и Грција. Учесниците имаа можност да се запознаат со најзначајните природни историски и културни локалитети како и да се здобијат со информации за одржлив туризам. Од септември 2015 година се започна со изградба на еколошка патека која се протега од с.Банско до с.Габрово.
4. **Зелено претприемништво**- финансиран од Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност преку Европската Унија, а се реализира преку програмата Ерасмус+ КА1Мобилност на младински работници. Проектот започна со реализација во ноември 2015 година и ќе трае до мај 2016 година.

   Се состои во организирање на 7дневен тренинг, воден од страна на две интернационални тренери кои дизајнираат и водат интернационални програми,а учество земаа 10 организации од различни земји со двајца учесници. На тренингот имаше учесници од: Македонија, Италија, Романија, Германија, Хрватска, Шпанија, Турција, Ирска, Летонија и Бугарија.

   Целта на тренинг курсот беше зголемување на можноста за вработување на младите и ставање во употреба на нивниот креативен потенцијал со цел збогатување на пазарот на трудот со нови работни места преку отварање на еко-социјално претпријатие. Учесниците имаа можност да се запознаат со основите на претприемништвото како и со еко социјално претприемништво, да изработат бизнис план, работејќи во групи да создадат модули со свои виртуелни еко организации.

ЕД.Планетум со цел зајакнување на капацитетите на своите членови со повеќе свои претставници изминатата година учествуваше на повеќе обуки (Мониторинг и евалуација, Стратешко планирање, Пристап до ЕУ фондови), кои беа организирани од страна на Фондација Отворено Општество-Македонија.

# ЗАВРШЕН ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015

## ПРИХОДИ

| | КАТЕГОРИЈА | СУМА |
|---|---|---|
| 1. | Донатори (фондации, амбасади, граѓани, бизнис сектор) | 4.046086 ден. |
| 2. | Приходи од услуга | 11.200 ден. |
| 3. | Камата | 39.00 ден. |
| | ВКУПНО | 4.057325 ден. |

### Графички приказ на приходите за 2015 година



**РАСХОДИ**

| | КАТЕГОРИЈА | СУМА |
|---|---|---|
| 1. | Провизија | 22.701 ден. |
| 2. | Плати и хонорари | 866.231 ден. |
| 3. | Придонес за плати и персонален данок | 106.634 ден. |
| 4. | Директни трошоци | 2.988591 ден. |
| 5. | Индиректни трошоци | 73.168 ден. |
| | ВКУПНО | 4.057325 ден. |

**Графички приказ на расходите за 2015 година**

